Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09. 11. 2016 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5520 | 1 | |

во 16:33

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, емитуван во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување на ден 06.11.2016 година доставен е Писмен извештај за надзор(мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, емитуван во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, бр.10-5443/1 од 06.11.2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување во периодот од 22 до 31 октомври 2016 година, на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, има мноштво прилози за редовни активности на власта кои имаат позитивен контекст и прилози во функција на изборно медиумско претставување на политичкиот субјект - Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), спротивно на член 75-б од Изборниот законик. Во програмата на овој радиодифузер во мониторираниот период констатирано е дека по овој законски основ се сторени 7 прекршувања. Тие се следните:

***Алфа Вести во 17:30 часот 22.10.2016***

- <u>во периодот од 17:33:25 до 17:35:01 часот емитуван е прилог: „Патната инфраструктура ќе се реконструира со дури 400 милиони евра"</u> – во кој претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, говори за изборни ветувања и тековни проекти во придружба на градоначалниците на Скопје Коце Трајановски и на Општина Кисела Вода Билјана Беличанец-Алексиќ;

- во периодот од 17:41:00 до 17:42:02 часот емитуван е прилог: „Се продолжува булеварот „Србија“ во општина Кисела Вода“ – во кој Коце Трајановски, градоначалникот на Скопје и Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ зборуваат за реализација на проекти на локалната самоуправа и за тоа дека биле ветени во партиската програма.

***Алфа Вести во 17:30 часот 23.10.2016***

- во периодот од 17:42:00 до 17:43:52 часот емитуван е прилог: „Почна изградбата на бункер за линеарен акцелератор во ГОБ „8 Септември“ – камен-темелникот го поставуваат Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Тодоров, министер за здравство;

- во периодот од 17:43:52 до 17:44:41 часот емитуван е прилог: За 2,5 мандати направивме повеќе училишта отколку СДСМ во сите свои мандати“ – во кој говори Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ крај еден објект за тоа што е сторено во неговите влади и говори како тој сè уште да е премиер.

***Алфа Вести во 17:30 часот 29.10.2016***

- во периодот од 17:45:09 до 17:45:51 часот емитуван е прилог за партиска активност на Спиро Ристовски од ВМРО-ДПМНЕ, кој во изјавата вели „Ние како Министерство ќе продолжиме и понатака да ги реализираме сите активности коишто досега сме ги реализирале...“.

***Алфа Вести во 17:30 часот 30.10.2016***

- во периодот од 17:42:36 до 17:45:36 часот емитуван е прилог: Партиска активност – Груевски: За 10 години 160.000 работни места, одиме натаму! – во кој претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски во придружба на градоначалникот на Гевгелија, говори за актуелни проекти, за кои се вели дека се проекти на партијата.

***Алфа Вести во 17:30 часот 31.10.2016***

- во периодот од 17:40:28 до 17:43:26 часот емитуван е прилог: Груевски: 33 милиони евра за нови 3.700 апарати за здравството во секој град во државата, секој со прецизен рок на набавка“ – во кој лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски говори за вложувањата кои ги имале владите на ВМРО-ДПМНЕ во областа на јавното здравство и за вложувања од 33 милиони евра за купување на 3.700 апарати.

Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатира дека со емитуваните прилози сторено е прекршување по основ на член 75-б од Изборниот законик.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е повторен, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – глоба.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири
2. Љубомир Костовски
3. Горан Трпеноски